Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 43 став 2 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), на седницата одржана на 16.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката УП1 бр. 07-161/15 од 16.02.2016 година за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/16), издадена на Друштво за трговија со електрична енергија ЕНСКО ТРЕЈДИНГ ДООЕЛ Скопје, во Прилог 1:
   1.1 Во точка 5, евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи:
   "ЕЕ – 261.10.1/16,2/17";
   1.2 Во точка 8 став 2 и 3 зборовите "пазарни правила" се заменуваат со зборовите "Правила за пазар на електрична енергија".
   1.3 Во точка 11 став 1 алинеја 2, 4, 5, 6 и 7 зборовите "пазарни правила" се заменуваат со зборовите "Правила за пазар на електрична енергија",
   По алинејата 7 се додава нова алинеја 8 која гласи:
   " - доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари."
   Алинејата 8 станува алинеја 9.
   1.4 Во точка 14 алинеите 1, 2 и 4 се бришат.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, поради усогласување со Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари („Службен весник на Република Македонија" бр. 207/16 и 215/16) и член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), врши изменување и дополнување на горенаведената Одлука.

Усогласувањето на лиценцата се однесува на обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на електрична енергија.

Врз основа на оваа измена носителот на лиценцата, ќе има обврска бараните податоци да ги доставува на начин и во рокови дефинирани во Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од приемот.

**УП1 бр. 07-161/15**
**16.02.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**